Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16,64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18 и 16/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на**
**втора јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Дабиља, Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на втора јавна презентација и јавна анкета за изработка на Урбанистички план за село Дабиља, Општина Струмица со површина од 121.98 Ха, во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Александра Едровска - претставник на изготвувачот на планот;
- Лилјана Ивановска - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе втората јавна анкета од 31.10.2019 год. до 07.11.2019 год., а втората јавна презентација на ден 01.11.2019 година во 11:00 часот во просториите на „Дом на култура” с.Дабиља.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-8089/3
25.10.2019 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски